СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10.09.2001 год.

Скопје, септември 2001 година

**81 ( ОСУМДЕСЕТ И ПРВА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ ОДРЖАНА НА 10. СЕПТЕМВРИ 2001 ГОДИНА (Седницата започна во 15,25 ч. а, заврши во 20,10 ч.)- ПРОДОЛЖУВА**

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВСТОЈАН-1(Води с.)<br>2. БИЉАЛИМЕРСЕЛ-50<br>3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ -12,21<br>4. ГЕОРГИЕВСКИЉУБЧО-8,10 { Премиер)<br>5. ЕТЕМИ ФАТМИР - 43,49<br>6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 11,2023,31<br>7. КОВАЧЕВСКИСТОЈАН-7<br>8. КИТАНОВСКИ ЛАЗАР -41<br>9. КРАЛЕВСКИ ЧЕДОМИР -42<br>10.МУСЛИУ КЕМАЛ- 2,7<br>11.МЕМЕТИИЏЕТ-10<br>12.МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА- 12 13.ПЕТРОВСКИ ФИЛИП - 54,57, 64,65 14.ПЕТРОВСКИ ТОМИСЛАВ -53 15.ПАНДОВ АЛЕКСАНДАР - 34, 44 16.ПОПОВСКИ НИКОЛА - 38,62 17.ПЕТКОВСКИ ТИТО - 48<br>18.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ- 21 ( Води седн,потпретсед.)<br>19.СПАСОВЃОРЃИ-19<br>20.СТОЈМЕНОВ ЗЛАТКО - 5,6,7<br>21.ЧУКАЛИЕВА КАРОЛИНА -15 (Секретар - прозива )<br>22.ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО -13<br>23.ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР- 44 | ДНЕВЕН РЕД :СТР.3<br><br>Т.1.стр.8- ПРЕДЛОГЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ВЛАДА ( Министерот за Правда г. Иџет Мемети) |

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10.09.2001 год.

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија. СТОЈАН АНДОВ:

Ја отворам 81-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, да притиснете една од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Четриесеттата, педесеттата и седумдесет и седмата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 40-тата, 50-тата и 77-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници.

47 пратеници гласале за, 6 воздржани и 6 пратеници гласале против.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата за да знаеме дали важи гласањето.

Во салата се присутни 75 пратеници. Значи, не се гласало правилно, а гласањето важи бидејќи има повеќе од присутните, отколку што е неопходно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор Ќемал Муслиу, потпретседател на Владата. КЕМАЛ МУСЛИУ:

Причини за донесување на законот. Реформите на платниот промет започнати на 1.07.2001 година и донесувањето на законот за платен промет и Законот за трансформација на Заводот за платен промет, подразбираат и промени во трезорското работење, односно целосно преземаше на функциите од Заводот за платен промет. Поради тоа се наметна потребата од измена и дополнување на Законот за буџетите, со цел да се постигне компатибилност на истиот со претходно наведените промени. Заради неодложна потреба се предлага согласно член 34 4 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, законот да биде донесен по итна постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали министерот за финансии ќе додаде нешто? (Не).

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам ан гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. 52 пратеника гласале за, 7 пратеници гласале воздржано и 5 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за разрешување на член на Владата на Република Македонија.

2. Интерпелација за работата на министерот за здравство во Владата на Република Македонија, проф. д-р Петар Милошевски;

3. Предлог на закон за изменување и дополнуваше на Законот за буџетите;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Трговскиот договор за земјоделски производи меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација, Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка и Протоколот за земјоделство меѓу Република Македонија и Република Исланд, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на стандардизацијата, метрологијата, акредитацијата и оцена на сообразноста, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република македонија и Владата на Република Бугарија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот на Мадридскиот договор за меѓународна регистрација на жиговите, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Стразбуршкиот договор за меѓународна класификација на патентите, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазарната инспекција, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отстапување на деловни средства од страна на преттријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, *со* Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на дневниот ред.

ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Владата на Република Македонија. Јас пред да ги кажам моите предлози за дополнување на дневни ред, би упатил едно процедурално прашање до претседателот на Собранието кое можеби ќе биде објаснување зошто ги поставувам **и** вака овие можни дополнувања на дневниот ред за кои би гласало евентуално Собранието, **или** би се изјаснила Владата на Република Македонија. Она што сакам да го кажам на почетокот е до претседателот на Собранието. Сметам дека 13 мај кога беше изгласана Владата до денес има поминато повеќе од 100 дена откако е формирана оваа Влада на широката коалиција и сметам заради потребата на демократијата во Република Македонија, заради актуелните состојби и проблемите пред кои се наоѓаат граѓаните на Република Македонија, дека е потребно институтот пратенички прашања да функционира повторно во парламентот на Република Македонија **и** тоа е она за кое би се обратил до претседателот на Собранието со објаснување кога тој планира и би го замолил тоа да функционира побрзо во интерес на сите нас. Бидејќи сметам дека ваквите дополнувања на дневниот ред можеби  дел од **нив** ќе одат во тој дел на пратенички прашања. Пак ќе кажам дека тоа треба да функционира. Дали по претходниот договор од еден час пред секоја седница, или на посебни седници,тоа веројатно ќе го каже претседателот на Собранието.

За денешниот дневен ред јас би ги предложил следните прашања, односно следните предлози за дополнување на дневниот ред.

Првото дополнување е извештај на Координативното тело на Владата за справување со кризата, за бројот на бегалците од кризните региони **и** од разрушените села од воените дејствија и терористичките напади, нивното сместување ,и згрижување во државата и планот на Коорди-

-нативното тело како мисли да се справува понатаму со овој проблем во Република Македонија. СТОЈАН АНДОВ:

Го молам претставникот на Владата да каже дали може да се прифати, да се изготви за оваа седница извештај на Координативното тело.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

За идната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали може за идната седница?

ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:

Да.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, се прифаќа.

ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:

Исто така за мене важен момент, можеби може и за оваа седница да се размислува,еве нека размислуваат и членовите на Владата и премиерот и сите ние, важно за нашето одлучување, за нашата совест, за ока што претстои пред нас воидниот период околу овој тн.,или на овој Рамковен договор и иницијативите со кој влеговме за измени на Уставот. Во тој поглед би сакал извештај од Владата за инцидентите и кршењата на договорите за мир и за прекин на огнот во кризата во Република Македонија, особено до периодот до Охридскиот договор, по периодот од Охридскиот договор и посебно во периодот по изгласување на иницијатита во парламентот за амандмански промени на Уставот. Сметам дека овие прашања се битни за размислувањата на парламентарците во иднина фази на разгледување на уставните промени, бидејќи треба да знаеме во каква состојба се наоѓа Македонија , дали има кршење на договорот за прекин на огнот,колку е тоа,дали е занемарливо,или е вистинско кршење на договорот за прекин на огнот итн.Барам за тоа информација.

КЕМАЛ МУСЛИУ:

Владата го прифаќа предлогот и првиот и вториот, меѓутоа за една од наредните седници, затоа што сметаме дека и ние како Влада треба да заземеме став. СТОЈАН АНДОВ:

Значи, ќе биде на располагање на пратениците за расправата кога ќе ја имаме по амандманите. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:

Јас колку што сватив, првото прашање е за наредната, за првата наредна седница. И тоа го прифативме. А јас би апелирал ако не биде ова второто прашање за првата наредна седница, тогаш да биде што побрзо,бидејќи првата наредна седница ми е во четврток, би можеле до тогаш да имаме став на Владата,бидејќи ова е значајно за уставните амандмани кои за 10 дена треба да ги предаде претседателот на државата. Така што не може во недоглед да се одлага. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:

Јас веќе се пријавив за пратеничко прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Немаме сега пратенички прашања.Идниот понеделник ќе одржиме седница само за пратенички прашања. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:

Господине претседателе, вие воспоставивте пракса секоја нова седница на почетокот еден час за пратенички прашања. Не сме известени дека вие сте го смениле редот. СТОЈАН АНДОВ:

Оваа седница ќе биде  прва после 100-те дена. Сега е нова Влада, широка Влада,широка коалиција.

Дали некој друг има предлози за изменување, или дополнување на дневниот ред? (Нема).

Оредкижениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници.66 пратеници гласале за, 5 пратеници се воздржале од гласање и 7 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред.

Минуваме на точката 1. - Предлог за разрешување на член на Владата на Република Македонија.

Предлогот за разрешување Ви е доставен

Отворам претрес, Молам, кој бара збор?

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да дадам кратко образложение за предлогот за разрешување на министерот за правда г-динот Иџет Мемети.

Прво, би сакал да нагласам дека не станува збор за стручна оценка на работата на г-динот Хиџет Мемети, напротив можам да кажам дек г-динот министер е апсолутно компетентен министер и можам да кажам и многу стручен во својата област. Тоа не го знам само од ова искуство повеќе од три месеци, туку морам да потсетам дека кога за прв пат пред три години ја формиравме Владата, г-динот Хиџет Мемети практично го затекнавме како главен човек во Владата, однсоно и упкрај тоа што имаше функција  заменик секретар на Владата, практично целата работа во Владата од претходната Влада ја координираше тој,а ние му ја дадовме

*

довербата да продолжи со тоа кадровско место.И од тоа првично искуство и од сегашното второ искуство како министер за правда можам да кажам дека се работи за исклучително компетентен и стручен човек во сојот ресор.

Иницијативата зошто го поднесувам разрешувањето е исклучиво политичко. Имено, се работи за случајот кој многу добро ви е познат би рекол на сите вас, тоа е случајот Хабиби кој е државјанин на Ре-

публика Македонија и за кого се бараше екстрадиција поради кривично дело најтешка форма на тероризам во Република Македонија. Она што како политички момент сметам дека има своја посебна тежина и зошто е покрената оваа иницијатива е фактот што и покрај тоа што на самата седница на Владата, ми се чини најмалку на четири седници на Владата беше барано од господинот Мемети да ја покрене екстрадицијата на кривичното дело Хабиби. Тој најпрвин даваше објаснување дека има недостаток на материјали од Министерството за надворешни работи и од Министерството за внатрешни работи, за да на крајот еве се увериме дека тој недостаток практично не е недостаток, затоа што сметаме дека материјалите се комплетирани. Меѓутоа, она што беше посебно интересно кога беше прашуван од колегите министри доколку МНР и МВР ги комплетираат документите, дали тој ќе ја поднесе екстрадицијата, тој едноставно никогаш немаше одговор на тоа прашаше,што сметам дека навистина е прашање од исклучителен домен на политиката. И во таа насока јас само би кажал уште неколку реченици.Верувам дека г-динот Мемети тоа не преземање на својата одговорност го има направено на можеби од некој личен страв кој за жал владее во Република Македонија, посебно во регионите и реоните каде што се движи нашиот министер за правда. А исто така на крајот би го потенцирал фактот дека во РМ, веќе повеќе од 100 дена како што беше спомнато на самиот почеток егзистира коалициона Влада која коалициона Влада е создадена практично од три рамноправни блока,тоа е блокот на ВМРО-ДПМНЕ, блокот на ДСМ и Албанскиот блок на политички партии во РМ.

ѓ

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (продолжение)

Во секој случај малцинството на една групација не значи дека некоја друга групација може да прави што сака во државата. Поагајќи од тој аспект и сметајќи дека навистина се работи за исклучителна политичка одговорност, го поднесов ова барање, за политичка одговорност на министерот.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? За збор

се јавува Г. Ицет Мемети.

Г. Мемети досега не сме давале збор за вакви случаеви и мислам дека ако тоа сега го направима, ќе направиме преседан. Навистина преголем би бил преседанот и неможам да ви дадам збор. Неможе оној кој е кандидиран за избор или за разрешување , да земе збор. ИЦЕТ МЕМЕТИ:

Претседателе, само една реченица. Пратениците ќе одлучат Ние им должиме на пратениците и на целокупната Македонска јавност да ги информираме... СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, напуштете ја говорницата. Не ви следува никакво образложение според Деловникот. ИЦЕТ МЕМЕТИ:

Јас користам прилика да ја известам Македонската јавност дека министерот Мемети има многу што да и каже на Македонската јавност по однос на тоа што се случи, ако Собранието ми дозволи. Се разбира тоа ќе им биде овозможено на сите граѓани во оваа држава да се запознаат со вистината на овој случај.

СТОЈАН АНДОВ: . .

Имате разни начини тоа да го соопштите.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Сепак сметам тука е местото.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам напуштете ја говорницата.

Процедурално за збор се јави Г. Насер Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Г. претседателе, мислам дека постапувате надвор од Деловникот и непринципиелно. Навистина никој не ви дава за право да не му дадете, на член на Владата да земе збор, до толку повеќе кога се бара негово разрешување. Ние како пратеници мораме да го слушнеме и неговиот збор и неговите аргументи, што мисли тој по однос на аргументите на тој што предлага да го разрешува. Тоа како прво.

Второ вие многу добро знаете дека, кога се предлагаше разрешување на членови на Владата од страна на ДА, тука од оваа говорница ги ислушавме сите нив кои  ги изнесоа своите аргументи и причини зошто и како сметаат за работата на дотогашниот кабинет на Г- Георгиевски Вие неможете да му забраните на член на Владата да ке произнесува и да ги изнесува своите аргументи и пратениците, врз основа на тоа што ќе го слушнат и од едната и од другата страна, да можат да заклучат како ќе се однесуваат односно како ќе гласаат причинот на изјаснувањето. Ве молам немојте тој преседан да го направите затоа што тоа не води кон демократска расправа и одлучување по однос на прашањето. СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, дали некој ќе биде во Владата или надвор од Владата предлага премиерот, а тој што е предложен неможе да се допредлага, вака или така. Луѓето од ДА си ја образлагаа оставката. Тие не спореа со предлогот на премиерот.

Но, бидејќи г. Зибери поставува Деловнички приговор, морам да го ставам на изјаснување пред Собранието.

Процедурално за збор се јавува Ѓулистана Марковска.

ЈУЛИСТАНА МАРКОВСКА:

Почитуван претседателе,

Очигледно дека прашањето на интерпелација и разрешување овде е ставено под знак на равенство, од страна на претставниците кои пред малку бараа да се стави на гласање Предлогот.

Интерпелацијата е прашање кое го покренува пратеничка група може да го покренат петмина, 20-мина и тн. Тогаш самиот тој што е ставен како предмет на интерпелација односно дотичниот министер има право да даде писмено образложение, а истото писмено може да го образложи на говорница.

Во случајот претседателот на Владата Г. Љубчо Георгиевски беше и мандатор . Односно тој определи , врз основа на претходен коалиционен договор кој ќе биде во неговата Влада. Тој можеше и немораше да се согласи *со* Предлогот, Г. Иџет Мемети да биде член на таа Влада. Така да ставањето на овој Предлог на гласање мислам дека не е во согласност со Деловникот.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас не го ставам овој предлог на гласање, туку приговорот што го даде Г. Зибеир. Приговорот е дека неправилно сум го спречил да зборува членовите на Владата чие разрешување е сега на дневен ред.

Процедурално за збор се јавува Г. Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Г. Претседателе,

Како прво постапувате неправилно,

Второ, ние пратениците тука ја видовме едната страна. Премиерот предлага разрешување на министерот Мемети, поради тие и тие причини, што ги наведе односно ги кажа овде на говорница.

Трето, премиерот кој ја состави Владата, не разговара со Иџет Мемети, дали Иџет Мемети ќе биде министер на оваа Влада или нема да биде. Премиерот претходно се договарал со челниците на политичката партија. На тие преговори четирите лидери на политички партии кои денес се во Владата за политичко единство.

Четврто, ние мислиме , за тоа дека треба да го слушнеме и Г. Иџет Мемети, да ги слушнеме и двете страни, дека јавноста има кусок н информации. Премиерот имаше свое образложение, па и министерот треба да зборува во своја одбрана, дека има полно аргументи за и против. Од друга страна јас мислам , ние поради вашата, тврдоглавост во овој миг, ќе бидеме куси за информацијата што ја има Г. Мемети, министер за правда. Затоа мислам дека треба да му се даде можност да се обрати и министерот пред пратениците и пред јавноста, за да го каже тоа што има да го каже. СТОЈАН АНДОВ:

Приговорот деловнички што го упати Г. Зибери, го ставам на изјаснување пред Собранието. Значи кој е за приговорот на Г. Зибери ќе притисне за, кој е против ќе притисне против итн.

Молам да гласаме.

За гласаа 34 пратеници, воздржан еден, и против гласаа 41 пратеник.

Има барање за поединечно гласање.

Дали има поддршка од 10 пратеници. (има)

Процедурално за збор се јавува г. Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОЦСКИ:

Се разбира дека е легитимно правото некој од пратениците, да побара и поединечно гласање, до колку според Деловникот ја добие потребната поддршка и да се пристапи кон поединечно гласаше.

Меѓутоа, јас во овој момент би се повикал на една друга одлука од деловникот, а тоа е , во моментот расправаме по една точка

чиј предлагач е претседателот на Владата. Во моментот, овде во салата го немаме предлагачот.

Се повикувам на Деловникот да се обезбеди присуство на предлагачот за да може воопшто било што да се работи по оваа точка понатаму. СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам повикајте го премиерот нека влезе во салата, бидејќи тој е предлагачо.

Молам да се спроведе поединечно гласање. (секретарот на Собранието изглегува на говорница и го спроведува поединечното гласаше).

Списокот за поединечното гласање се во прилог на оваа смена.

КАРОЛИНА ОГНЕНОВИК-ЧУКАЛИЕВА:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ЈОНУЗАБДУЛАИ | за |
| 2. | АБДУРАХМАН АЛИТИ | за |
| 3. | АБДУЛААЛИУ | отсутен |
| 4. | МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | за |
| 5. | СТОЈАНАНДОВ | против |
| 6. | КИРИЛ АНДОНОВСКИ | против |
| 7. | ЉУПЧОАНУШЕВ | воздржан |
| 8. | АМДИ БАЈРАМ | отсутен |
| 9. | ДЕМУШБАЈРАМИ | за |
| 10. | ФАДИЛБАЈРАМИ | отсутен |
| 11. | ДИМИТАР БАТКОСКИ | против |
| 12. | МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | за |
| 13. | ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | отсутна |
| 14. | ЈОРДАНБОШКОВ | отсутен |
| 15. | ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | за |
| 16. | АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | з* |
| 17. | СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | против |
| 18. | ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | против |
| 19. | МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 20. | ТРАЈКО ГЕШОСКИ | против |
| 21. | АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 22. | ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | против |
| 23. | ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| 24. | СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| 25. | ЗАМИРДИКА | отсутен |
| 26. | ВАНЧОЃОРГИЕВ | отсутен |

27. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ за

28. ФАТМИР ЕТЕМИ за

29. ВАСИЛ ЕФТИМОВ против

30. НАСЕР ЗИБЕРИ за

31. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО против

32. МИРКО ИВАНОВ за

33. ИЛИЈА ИЛОСКИ отсутен

34. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ против

35. НИКОЛА ЈОВАНОВ отсутен

36. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА против

37. МАРИКА ЈОРДАНОВА против

38. НАЗМИ КАДРИУ за

39. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ отсутен

40. ЖАРКО КАРАЏОСКИ отсутен

41. МИТКО КИРОВ против

42. ЛАЗАР КИТАНОСКИ за

43. САВО КЛИМОВСКИ отсутен

44. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за

45. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ против

46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ против

47. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ отсутен

48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ против

49. БИЛАЛ ЉУТФИИ отсутен

50. ВАСЕ МАНЧЕВ против

51. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА пР°

52. ЃУЛИСЈАНА МАРКОВСКА пР°тив

53. ДИСПИНА МАРКОВСКА противz
54. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ отсутен
55. ДРАГАН МИТЕВСКИ отсутен
56. КИРИЛ НАСТЕСКИ за
57. РУБЕНС НАУМОВСКИ против
58. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ против
59. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ воздржан
60. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ против
61. ВАНЧОПАНЧЕВ против
62. ИЛИЈАПЕМОВ против
63. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
64. ЧЕДОПЕТРОВ против
65. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ против
66. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ против
67. АЗИСПОЛОЖАНИ за
68. СТОЈАН ПОПОВ отсутен
69. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
70. НИКОЛА ПОПОВСКИ за
71. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ против
72. ИСМЕТ РАМАДАНИ отсутен
73. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ против
74. НЕНАД РИСТОВСКИ отсутен
75. АЦЕСАЈКОСКИ против
76. АСЛАН СЕЛМАНИ за
77. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ против
78. . ВАНГЕЛ СИМЕВ отсутен

| | | |
|---|---|---|
| 79. | РИСТО СПАНАКОВ | против |
| 80. | КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | против |
| 81. | ЃОРЃИ СПАСОВ | за |
| 82. | МИЛАН СТАВРЕВ | против |
| 83. | НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 84. | ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | прот |
| 85. | ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | против |
| 86. | БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |
| 87. | ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | отсутен |
| 88. | ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | против |
| 89. | ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 90. | РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 91. | МУХАМЕД ТАИРИ | отсутен |
| 92. | АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | за |
| 93. | МЕВЉАН ТАХИРИ | за |
| 94. | МИТКО ТИЛЕВСКИ | против |
| 95. | ЃОРЃИ ТОДОРОВ | отсутен |
| 96. | РИСТО ТОДОРОВ | за |
| 97. | ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | против |
| 98. | ПАНДЕ ТОМОВ | против |
| 99. | КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 100. | ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | отсутен |
| 101. | ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | отсутен |
| 102. | АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ I | против |
| 103. | БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | за |
| 104. | СЛОБОДАН ЌОСЕВ | против |

105. ТАКИФИТИ за
106. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ против
107. ИЛЈАЗХАЛИМИ за
108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ за
109. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ отсутен
110. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
111. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ за
112. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ отсутен
113. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ за
114. АРБЕНЏАФЕРИ отсутен
115. ХИСНИШАЌИРИ /
116. АЛИЈАШАХИЌ отсутен
117. РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА за

СТОЈАН АНДОВ:

Гласале вкупно 85 пратеници , за гласале 36, против 47, и воздржано гласале двајца пратеници.

Констатирам дека овој приговор е одбиен.

Процедурално за збор се јави Г. Ѓорѓи Спасов.

ГОРГИ СПАСОВ:

Г. претседателе сметам дека после ова гласање сте должни да ја информирате Македонската јавност за што всушност се гласаше за правото на министерот Иџет Мемети, министер за правда, да му се обрати на Собранието и по предлагањето за негово разрешување од страна на премиерот да образложен зошто, можеби тој не се согласува со некои наводи од образложението на премиерот. Значи се гласаше за правото на министерот да им се обрати на пратениците од Собраниската говорница, или против правото на министерот, како што вие го толкувате во согласност со деловникот.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој бара збор?

За збор се јави Г. Насер Зибери,

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Г. Претседателе, со оглед на ново настанатата ситуација барам пауза од два часа. Но, пред паузата да ми објасните врз основа на кој член вие не му дадовте збор на членот на Владата Г. Иџет Мемети. На кој член од Деловникот се повикувате. СТОЈАН АНДОВ:

Беше приговорот се изјасни Собранието.

Предлагам пауза од два часа.

(паузата претседателот ја даде во 16,30 часот).

(По паузата)

{Седницата продолжи со работа во 18,25 часот.) (Со продолжението на седницата продолжи да претседава потпретседателот Томислав Стојановски.)

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам колеги пратеници да стеснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата има доволен број пратеници.

Најпрво би било логично да го повикам господинот Насер Зибери, меѓутоа се јавува Александар Пандов. Сметам дека сега по правило би требало господинот Насер Зибери да се изјасни за причините поради кои бараше одлагање на седницата на Собранието за 2 часа.

Но, некои пратеници се јавуваат за збор процедурално.

Има збор Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувани колеги пратеници, јас мислев дека со седницата ќе продолжи претседателот на Собранието господинот Андов, бидејќи не ни даде одговор на прашањето што го постави мојот колега Зибери.

Понатаму, би било редно и уредно тој да дојде и да почнеме, па понатаму ќе видиме кој од потпретседателите на Собранието ќе го заменува, затоа што сепак треба да ни даде одговор на нас пратениците тука каде наоѓа поткрепа да не^&у даде збор на министерот за правда да го образложи тоа што има да го образложи.

Од друга страна, претходно, пред малку, пред паузата процедурадно беше пријавен господинот Црвенковски и побара од претседателот на Собранието да не продолжи расправата додека не дојде тука предлагачот на предлогот за разрешување.

Затоа ние очекуваме предлагачот да биде тука и да почне расправата.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

За првото прашање што го упативте, да ви каже врз основа на која одредба тоа се однесува персонално, го повикувате господинот Андов.

За второто прашање и јас се согласувам со вас, оној што предлага треба да го прати текот на Собранието и да учествува во него.

Ако некој друг пратеник бара збор процедурално, да продолжиме со работа, а ако не да почекаме 5 минути додека да дојде премиерот.

Ве молам дали некој бара з бор процедурално.

Александар Пандов....

АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:

Јас барам збор за дискусија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Етеми Фатмир, процедурално или за дискусија? (За дискусија)

Мерсел Билали, за дискусија или процедрурално.

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:

За дискусија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Филип Петровски....

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ;

И јас сум за дискусија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам поради процедурална пречка ќе мора малку да запреме.

Господине Насер, вие барате збор за дискусија или процедурално.

Ако сте го измениле ставот повелете.

(Реакција на пратениците)

Јас му дадов збор. Сам ќе се изјасни он, дали ќе говори или ќе и даде процедурални забелешки. Секој во говорот ќе може да напаѓа и да правда. Тоа е барем сигурно. Таквото право на никого неможе да му се ускрати.

Повелете.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Господине потпретседателе јас жалам што претседателот на Собранието не е тука да го изразам нашето негодување зошто претседателот на Собранието не му даде право да зборува тука министерот за правда, со што тој директно покажа дека се плаши да се соочи со вистината и со тоа што му го одзема зборот, всушност направи крупна процедурална повреда на деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ние побаравме пауза да го разгледаме излагањето на премиерот Георгиевски за да ги видиме причините поради кои тој бара разрешување на членот на Владата и министер за правда господинот Ицет Мемеди и да се спремиме да настапиме и да одговараме на обвинувањата што тој ги изнесе на негова адреса. Во таа смисла во името на пратеничката група сакам да настапам.

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

По повод предлгоот на претседателот на Владата за разрешување на член на Владата и министер за правда Ицет Мемеди пратеничката група на ПДП чувствува за потребно на Вас пратениците и пошироката јавност во Република Македонија да ви се обрати со следните аргументи против предлогот на премиерот, не со намера да ве разубеди или вие во вашите размислувања за работата на министерот за правда зашто тоа го

кажа и самиот премиер дека е многу задоволен од работата и стручноста на министерот Мемети, туку повеќе да ве запознаеме вас и јавноста со другата страна на вистината околу случајот за екстрадиција, се разбира не само од покренувањето на постапката, туку од почетокот на настанувањето на овој случај па се до денес.

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Уште на почетокот сакам да истакнам дека во мојата дискусија ќе се задржам само за овој случај, затоа што разрешувањето на господинот Мемети како претек, се разбира, неоснован по наша проценка го има исклучиво случајот екстрадиција и ништо друго.

Прво, случајот  Ебиби потекнува многу поодамна, многу порано од изборот на оваа влада и Иџете Мемети за министер за правда. Тој случај потекнува од 12 февруари 2 001 година кога лицето Семи  Ебиби и уште четворица други граѓани на Република Македонија за прв пат биле приведени од припадници на Министерството за внатрешни работи во Полициската станица во Тетово и тоа 10 дена по донесувањето на решението за спроведување на истрага од страна на Основниот суд во Тетово.

Истиот ден се пуштени на слобода со усмено образложение дека не се виновни и покрај тоа што, како што истакнав, 10 дена пред тоа, значи на 2 февруари 2001 година имало веќе поднесено решение за спроведување на истрага. Тоа го потврдуваат сите четворица кои заедно со лицето Хабиби биле приведени дента кој се спомнува.

Второ, од почетокот кога Министерството за внатрешни работи од страна на германските власти е информирано дека го имаат приведено лицето Семи Ебиби одделни лица вработени во Министерството за внатрешни работи, претпоставувам со знаење и по налог на претпоставените пред

да ги доставуваат писмата и документите до Министерството за правда перманентно известувањата ги доставуваат до некои медиуми,

Трето, во време кога државата се соочува со тешка криза од воен,политички, економски и хуманитарен карактер и кога сите сили треба да се насочуваат кон надминување на оваа состојба со несебично ангажирање на сите политички фактори, а во прв ред на четирите политички партии кои впрочем ја сочинуваат големата коалиција некој за ситни политички поени го доведува во прашање опстанокот на коалцијата, а со тоа ги попречува и напорите за побрз излез од оваа криза.

Четврто,со усвојувањето на мировниот план на претседателот Трај ковски и потпишувањето на Рамковниот договор Република Македонија се обврзува да донесе акт за амнестија односно реинтеграција на сите припадници на ОНА кои доброволно ќе го положат оружјето и кои не извршиле дела кои припаѓаат под јурисдикција на Хашкиот трибунал.

Петто, претседателот на Владата на Република Македонија спротивно на Законот за кривична постапка, Европската конвенција за екстрадикција со додатните протоколи на Советот на Европа и Законот за Владата четири дена пред истекот на рокот за поднесување барање за екстрадикција испраќа писмо до германскиот канцелар со кое од Германската Влада бара екстрадикција.

Почитувани пратеници,

Постапките во правните системи на секоја држава без разлика за каква постапка се работи, било да е судска или управна ако не се почитуваат до крај правилата, актите што произлегуваат од таквите постапки се ништовни. Постапките секаде на светот треба да се водат исклучиво како што е пропишано со закон. Со последното почитување на постапката во првниот систем насекоја држава се остварувани во пракса начелото

на владеење на правото, кое според нашиот Устав е темелна вредност на уставниот поредок. Апсолутно сме против тоа министерот за правда и Република Македонија да се исклучок од тоа право.

Кога настана промената на власта во Република Македонија кон крајот на 19 98 година господинот Ицет Мемети беше на чело на стручните служби на Владата, а тоа е многу значајна функција за функционирањсе на државата и тој беше задолжен за изготвување на сите акти и подготовни на сите органи за примопредавање на власта од една владеачка во друга владеачка гарнитура.

Како се премости промената на власта во тоа време на јавноста добро им е познато за што често пати од нашата и меѓународната јавност добивавме комплименти. Впрочем, тоа и при својот настап за ова прашање и самиот премиер го призна.

Правната држава подразбира владеење на законите, а не на емоциите и политичките аргументи. Премиерот не наведе ниту еден правен аргумент во прилог на барањето за разрешување на господинот Ицет Мемети освен претпоставката дека можеби и доколку се исполнуваат условите тој немал намера да бара екстрадикција.

Но, да се вратиме на случајот и вас господа пратеници и македонската јавност да ја информираме за текот на постапката околу тоа.

Со известување пуштено по факс на 13.07.2001 година од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда било известено дека е потребно да се достави барање за екстрадикција на лицето Семи Ебиби од Тетово.

Согласно Законот за кривична постапка и Европската конвенција за екстрадикција со додатните протоколи известувањето се доставува

по дипломатски пат. Значи известувањето за екстрадикција за Министерството за правда требало да го достави Министерството за надворешни работи како што е тоа пропишано во Законот и кон известувањето требало да се приложи и заверениот превод од оригиналот за апсење, што не е направено.

Надвор од одредбата на член 511 и 522 од Законот за кривична постапка и член 12 и член 5 од Европската конвенција за екстрадикција со додатните протоколи Министерството за правда добило само известување пуштено по факс,што апсолутно не е никаков валиден документ по Законот за кривична постапка за спроведување на постапка за екстрадикција.

И покрај овој видлив процедурален пропуст Министерството за правда ја отпочнало постапката со тоа што на 13 јули 2001 година, со писмо се обратило до Основниот суд во Тетово и побарало да се достави целокупната документација во врска со овој случај.

И покрај овие пропусти во постапката Министерството за правда на 20 јули 2001 година се обраќа и до Министерството за внатрешни работи и бара согласно член 511 од Законот за кривична постапка да му се доставaт средства за утврдување на идентитетот на лицето за кое се бара екстрадикција.

Министерството за внатрешни работи наместо да постапи согласно Законот и да ја испрати потребната документација за екстрадикција на 26 јули 2001 година по факс пушта второ известување и бара од Министерството за правда во рок од три дена да достави барање за екстрадикција а во спротивно би го известиле премиерот.

Од ова јасно се гледа намерата на министерот за внатрешни работи и претседателот на Владата дека нивна цел не е спроведување на постапката за екстрадикција на Ебиби, туку намерно да ја опструира

постапката, да ја дезинформираат јавноста за наводното неспроведување на постапката од страна на министерот за правда, за да после премиерот се појави како личност која ќе го спречи наводното непочитување на Законот и сам ќе поднесе барање за екстрадикција.

Член 511 од Законот за кривична постапка е дециден и вели: "кон молбата за екстрадикција мора да се приложат:

1. Средства за утврдување на идентитетот на обвинетиот однос но осудениот. И тоа точен опис: фотографии на профил и анфас.

Отпечатоци на прсти и слично".

Ниту едно од овие средства на начин на кој предвидува законот не му е доставено на Министерството за правда. Се прашуваме кој треба да сноси одговорност за непочитување на законот. Министерот за правда кој барал да се постапи согласно Законот, или министерот за внатрешни работи кој не ги доставувал документите согласно тој закон.

Со овие крупни пропусти и без соодветни докази како можел, и тоа предвреме министерот за правда да бара екстрадикција. Велам пред време, затоа што тоа, како што веќе е познато, го направил премиерот и тоа четири дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на барање за екстрадикција.

Министерството за внатрешни работи наместо да испраќа документациј а до Министерството за правда, до Владата и средствата за јавно информирање, праќа извествувања со кои го обвинува министерот за правда за наводно непостапување по Законот и постапката, наместо во институциите на државата почнува да се води по медиумите и веќе беше јасно дека се работи за однапред испланирано сценарио.

За овој краток временски период ова е доказот што Министерството за внатрешни работи, потпаролот на Владата и одделни други личнос-

ти направија врз угледот и дигнитетот на министерот Иџет Мемеди, се разбира напаѓајќи го перманентно за наводно неподнесување барање за екстрадикција.

Почитувани пратеници,

Екстрадикцијата колку што е правно толку е и политичко прашање. Тоа е така во секоја држава во светот, а Република Македонија не е исклучена. Не случај но поднесувањето на барањето за екстрадикција и според нашиот закон за кривична постапка и според Европската конвенција за екстрадикција е во надлежност на извршната власт односно исклучива надлежност на министерот за правда.

Откако беше јасно дека се работи за монтиран процес и дека намерно не му се доставува по закон предвидената документација министерот за правда неколку пати барал прием кај претседателот на Владата со единствена цел него да го извести за проблемите со кои се соочуваат службите во Министерството за правада во однос на комплетирање на документацијата и за можните политички компликации врзани околу овој случај.

Бидејќи приемот кај претседателот на Владата не се остварувал и покрај крајното неретко и недолично инсистирање на министерот за правда тој се обраќал кај претседателот на државата за да тој го прими и на него да му ги изнесе проблемите со кои се соочува околу овој предлог. И, за жал и до тој прием не доаѓа, а од кои причини нас се уште не ни е познато.

На барањето од 20 јули на Министерството за правда Министерството за внатрешни работи одговара дури на 1.08.2001 година, со доставување на некомочлетна документација по однос на утврдување на идентитетот и тоа само уверение за државјанство и незаверено фотокопие од картонот за лична карта кој не претставува валиден документ, не ги

исполнува условите предвидени во членот 15 од Законот за кривична постапка, за што зборува малку пред тоа.

Од Основниот суд во Тетово, Министерството за правда дури на 17 август 2001 година го добил решението за поведување истрага кое не било правосилно како што тоа го предвидува Законот за кривична постапка за што Министерството за правда уште истиот ден по трет пат се обраќа до Основниот суд во Тетово  и бара да се доставaт потребните документи и докази со кои располага судот согласно законот.

На 16.08.2001 година Министерството за внатрешни работи наместо до Министерството за правда, до Владата на Република Македонија праќа фотокопие од известувањето на германски јазик и незаверено фотокопие од преводот на македонски јазик. Се прашуваме зошто Министерството за внатрешни работи дури на 17.08.праќа ваков документ и тоа не до Министерството за правда кое по закон е надлежен орган, туку до Владата

Заедно со овој документ Министерството за внатрешни работи со писмо ја известува Владата дека наводно Министерството за правда не бара екстрадикција. Па, ве молам како може Министерството за правда да бара екстрадикција без потребната документација и само врз основа на едно известување кое наместо во Министерството за правда се праќа во Владата на Република Македонија.

ПЈ/ОМ

НАСЕР ЗИБЕРИ:(Продолжение)

На 20.О8.2001 година Министерството за правда повторно се обраќа до Министерството за внатрешни работи и ги замолува да постапат согласно членот 511 од Законот за кривична постапка. На 21 ,о8.2001 година Министерството за правда изготвува и до Владата на РМ доставува известување во врска со текот на постапката за екстрадиција на Сани Ебиби . Владата на 12-та седница одржана на 21.08.2001 година, го разгледува известувањето на Министерството за правда и заклучува дека е потребно комплетирање на документацијата , надлежните органи да ја водат постапката, согласно позитивните законски прописи. Истовремено, Владата заклучува надлежните министри без министерот за правда, надворешни работи и внатрешни, утрешниот ден да остварат средба кај претседателот на Владата околу натамошната постапка на овој случај. Еве, што се вели во соопштението од оваа седница на Владата:" Владата на денешната седница беше запозната и со Извештајот на Министерството за правда во врска со текот на постапката за екстрадиција на Семи Ебиби, од која произлегува дека е потребно да се комплетира документацијата, согласно позитивните законски прописи, за што се надлежни ресорните министерства. Притоа, беше заклучено уште во текот на утрешниот ден, ресорните министри да остварат средба со премиерот на Владата околу натамошната постапка на овој процес". Значи, тоа се случува на 21.08.2001 година, Владата носи ваков заклучок. Документацијата не е докомплетирана, утре да се оствари средба кај претседателот на Владата меѓу трите ресорни министри и да се постапува околу постапката за докомплетирање на документацијата.. »Наместо да се постапи по заклучокот на Владата и на 22.08. тројцата министри да

остварат средба кај претседателот на Владата, министерот за правда од страна на средствата за јавно информирање дознава дека премиерот до германската страна испратил барање за екстрадиција, кон кое било приложено некомплетна документација и тоа четири дена пред истекот на рокот и до Собранието поднесува Предлог за разрешување на министерот за правда Иџет Мемети.

Се прашуваме, ако надлежните органи ја имале потребната документација, зошто не ја доставиле до органот, кој со закон е надлежен да ја води постапката. Зошто премиерот четири дена пред истекот на рокот за екстрадиција, спротивно на член 13 од Законот за Влада, како надлежен орган се обраќа до германските власти со барање за екстрадиција. Мислам дека играта е многу привидна.

На 23.о8. со писмо министерот за правда се обраќа до Владата на РМ и ја известува дека се уште надлежните органи не постапиле согласно заклучоците на Владата и средбата кај претседателот на Владата не е остварена. Прашуваме, зошто не е постапено со заклучокот од 21.08.2001 година. Тој кој што по Законот за Владата е должен за спроведување на заклучоците на Владата, самиот прв ги прекршува и не ги спроведува заклучоците на орган со кој самиот раководи.

На 27.О8.2001 година надлежните служби во Министерството за правда, разгледувајќи го текот на постапката, како и пристигнатата документација во Министерството, констатирале дека и покрај континуираното обраќање и испратените ургенции на Министерството за правда до со Закон надлежните органи за комплетирање на документацијата, заклучно со 27.о8.2001 година, Министерството за правда не добило оригинална и конкретна документација како што го бара Законот за кривична остапка и предметот да го архивира.

Дури на 28.о8. од Основниот суд во Тетово, Министерството за правда добива известување со кое се известува дека оригиналите на

списите по предметот за Семи Ебиби, не се наоѓаат во Основниот суд во Тетово, туку во Скопје. Значи, 6 дена по поднесувањето на барањето од страна на премиерот.

На 28.о8., што значи една недела по потпишувањето на барањето од страна на претседателот на Владата, Министерството за правда го добива дактилоскопскиот материјал, кој според писмото од МВР, Министерството за внатрешни работи го поседувала уште на 30.о7.2001 година. Но, од непознати причини и покрај тоа што имале законска обврска , не го доставиле до Министерството за правда. Се гледа дека е јасно, а и играта е многу проѕирна. Целта била премиерот да стане херој, а министерот за правда да се замени.

Да заклучам, од горе изнесеното јасно се гледа дека случајот е чисто политички и нема никакви правни или процедурални димензии. Впрочем, тоа и самиот премиер го потврди при неговиот настап тука.

Второ, преку овој случај претседателот на Владата сака да профитира политички со наводната одлучност во спроведувањето на постапката и почитувањето на законите. А, како ги почитуваше законит еи прописите во изминатиот период, тоа на јавноста многу добро и е познато.

Трето, преку овој случај се сака да се прикриваат грешките од минатото.

Четврто, со овој Предлог се разнишува основата на големата коалиција и преку тоа се создаваат дополнителни проблеми врз севкупната состојба во земјата.

Петто, на министерот како личност и на ПДП како партија, му се нанесува голема штета.

На крајот, од горе изнесеното јасно се гледа дека Министерството за правда, а и Иџет Мемети како министер благовремено ги превземале

сите активности предвидени со Законот за кривична постапка по однос на овој случај.

Второ, другите надлежни органи, како што се Министерството за внатрешни работи, судот и т.н. не ги доставувале благовремено потребните документи за спроведување на екстрадицијата, за што Министерството за прада навреме укажувало.

Трето, за разлика од другите министерства, Министерството за правда и Иџет Мемети до крај ги спроведувале и ги почитувале сите заклучоци на Владата по однос на овој случај.

Четврто во раководењето со ресорот Министерство за правда, Иџет Мемети, до крај ги почитувал Уставот и законите и затоа не е одговорен за што се сака да се товари. Благодарам. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

За збор се јави Пандов Александар.

АЛЕКСАНДАР АНДОВ:

Благодарам потпретседателе.

Почитуван премиер, колеги пратеници, пред да започнам со дискусијата имам едно прашање до г-динот координатор на ПДП, кој што како констатација тука го извади, а неколку пати веќе го читам и во медиумите го сретнавме, каде тоа г-дине Зибери прочитавте во Рамковниот договор дека постои точка со која што ќе им се обезбеди амнестија на терористите кои учествувале во војната против безбедносните сили во Македонија. Бидејќи, јас неколку пати го имам читано Рамковниот договор, ниту еднаш не сум имал можност да прочитам таква точка. Ова јавно го поставувам како дилема ова прашање, или се работи за некој интерен договор помеѓу вас и колегите кои што седат пред вас, за некоја подоцнежна точка која што би била и која што би била подржана од нивна страна. Затоа што јас ниту еднаш, а мислам дека и некои од учесниците во преговорите јавно се изјаснија

дека немало таков договор и дека не постои таква точка во Рамковниот договор, на крајот на краиштата такво нешто јас не можев да сретнам. Вие се повикавте на тоа и би Ве молел на сето тоа да одговорите.

Сега би сакал да се обратам до сите вас колеги и да кажам дека не постои никаква дилема околу тоа како ќе гласам околу предлогот за разрешување на министерот Иџет Мемети. Притоа, апсолутно ги разбирам моите колеги албанци од ПДП, од претставниците на ДПА, затоа што тие и за време на војната, ниту во еден момент не се оградија од терористите, не се оградија од нивните методи на работа, така што ниту пак очекувам дека нивните претставници во Владата ќе имаат нешто поинаков став. Така што, овој начин на работа на г-динот Иџет Мемети ми е апсолутно познат и ништо не ме изненадува. Но, апсолутно ме изненадува однесувањето на моите колеги меакедонци од редовите на СДСМ, Затоа што и јавно тие најавија дека нема да ја подржат оваа интерпелација односно ова разрешување, од друга страна и во претходното гласање веќе тоа се виде дека се на иста бранова должина, на иста фреквенција се со колегите албанци. Притоа, би сакал јавно да го прашам г-динот Борислав Трповски кој што е избран од изборната единица од Тетово, па дали ги консултираше неговите гласачи од Тетово, Теарце, како да го дадат својот глас, дали да го подржи или не ова гласање. Затоа што, мислам дека мандатот тие луѓе му го дале и тој нема право тука да се однесува како Борислав Трповски, туку како народен избраник од таа изборна единица и како претставник на граѓаните од Тетово и Тетовско. Јас имав прилика таму да присуствувам, да седам некое одредено време и мислам дека е многу негативен ставот на тетовчани и сметам дека апсолутно не кореспондира со ставот кој што сега зазема г-динот Борислав Трповски.

Исто така, сакам да поставам прашање до г-динот Лазар Китанвоски. Јас најдлабоко му се извинувам, пред се, беше на неколку

пати спомнуван, се извинувам и сега ќе кажам зошто, беше на неколку пати спомнуван неговиот говор тука, мислам дека тоа ќе биде историски, кога ни ја најавуваше шестата зона дека постои во РМ. Јас да бидам искрен во тоа време не верував во постоење на такви зони на УЧК, туку верував во сожителството меѓу македонците и албанците. Но, тогаш тој г-дин говореше тука и ние помалку или повеќе не ја прифативме таа дискусија како веродостојна. Е, сега, подоцна се испостави дека сето тоа е точно и еден од децата на таа УЧК или тука како што се нарекуваше ОНА е г-динот Есеми Хабиби, незнам како му е правилно името. Тој учествувал во терористички чин и притоа во тој терористички чин двајца сограѓани на г-динот кој што седи пред него Тито Петквоски од Крива Паланка, беа убиени татковци со по две деца, фамилијарни луѓе на најбезобразен начин со ракетен фрлач од заседа. Мислам на најподмолен начин. Г-дине Зибери, па и колку да слушав за таа амнестија, јас не слушнав дека ќе бидат амнестирани луѓе кои што се закрвиле и кои што извршувале вакви терористички акти. Значи, исто така го поставувам прашањето до г-динот Китановски дали сега цената на шестата зона тој ќе ги подржи, ќе ги амнестира или ќе заборави на сето она што го зборувал во интерес на некој договор кој што го имаат направено со нивните колеги албанци. Исто така, сакам да поставам една дилема, за каква ние иднина, за каква доверба, сега еве гледаме спотови, радио, вакви, такви, телевизиски и какви не постојано доаѓаат разноразни странски емисари тука и апсолутно ги подржувам нивните доаѓања, затоа што се во интерес да продолжи да се обидеме повторно да се воспостави тој соживот помеѓу македонците и албанците. Како можам јас да имам повторно доверба во тие луѓе, кога истите тие луѓе на истава оваа говорница ќе подржуваат човек кој заштитува терорист, докажан терорист, кој што се закрвил, кој што убивал македонци.И, нека не биле македонци, луѓе од Министерството за внатрешни работи. Значи,

иститe тие луѓе така ли го замислуваат соживотот. Да ги поставиме обратно работите, како би изгледало некој сега македонец да постави бомба во некое албанско село, притоа да загинат двајца, не повеќе, еден нека загине и ние тука да бараме како македонски блок амнестија за тој човек. Јас најодговорно тврдам дека кога би , не дај боже, дошло до таква ситуација, 6и бил за тоа тој човек да се осуди. И, ако некој наш министер го заштитувал таквиот бандит, терорист, исто така би бил за тоа него да го смениме, да го реконструираме и незнам што да му направиме. Сметам дека тој треба подеднакво исто да одговара за соучесништво. Е, сега, повторно ќе прашам, како Вие мислите да имаме ние како македонци доверба во вас и македонските граѓани да веруваат дека вие мислите да живееме заемно, ако штитите такви луѓе.

Да недолжам, на крај, ова на албанците не верувам дека ќе го подржат, но се обраќам кон сите македонци да размислат, затоа што подоцна ќе треба да имаат храброст да им објаснат на мајките, на жените на погинатите борци за Македонија, на борците во безбедносните сили на РМ дека сте подржале човек односно министер кој што штител терорист, кој што ги убивал нивните синови. Сметам дека треба да имате голема храброст, а одговорноста е пред вас. Повторно ќе кажам дека ќе гласам за разрешување на овој министер и сметам дека секој човек кој што има тронка морал , еден пршлен во рбетот кој што има, мислам дека ќе го подржи ова разрешување. Повторно ќе кажам, ги повикувам сите македонци, ако ништо друго да го направат тоа. Благодарам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Пандов.

Ве молам јавувајте се усно, затоа што во регистарот на мониторот не може да се почитува што е намерата.

Г-дин Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе го искористам правото на реплика во името на пратеничката група , која тука еден пратеник , расправајќи по предлог од неговиот претседател и премиер во врска со министер од друга партија, не ја извади од уста пратеничката група на СДСМ. Г-дине Филип, соберете се, имате после збор, зборувајте колку сакате. Барем вас можеме да ве сослушуваме и ништо не значи тоа што вие го зборувате.

Г-дине премиер, г-дин Чедо Краљевски, а вие г-дине потпретседателе само стрпете се.

Г-дине премиер и г-дине Чедо Краљевски, ви се обраќам вас уверен дека е беспомошно да се обратам на г-динот Андов. Овде имате Предлог за разрешување на еден министер што е ваше уставно право. Пратеничката група на СДСМ ниту го поднела ниту се изјаснила за Предлогот уште, а во јавноста се изјаснила. Јас Ве молам да влијаете на г-динот Андов како ваш пратеник и член на вашата партија да не создава забуна во јавноста, да не повикува морал на пратеничка група која пред 66 месеци за не испорачување на злосторник поднесе интерпелација, за која г-динот Андов не гласаше. Сега да ни кажуваше нас некој друг, освен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, да бидеме морални и да не обвинува нас , без да знае како ќе се изјасниме, дека ние сме наводно виновни за некакви животи и жртви кои не сме ги заштитувале и т.н. , мислам дека е навистина нај ефтиниот збор што можам да го кажам е грозно. Мислам дека е грозно ваквото однесување од вашата пратеничка група и од вашата партија, па макар и од еден пратеник како Пандов. Затоа што, ако ништо друго , барем номинално ја има функцијата пратеник. Да не повикува со такви зборови, да ни става во уста дека ние сме криви за нешто, пратеник кој немаше храброст на истиот г-дин министер од другата партија пред 6 месеци да му изгласа интерпелација

за не испорачувањето на командантот на сегашната ОНА во село Танушевци. Да нистава нас во уста животи, да ни спомнува родители, пратеник кој немаше храброст сега да не повикува нас на морал, тоа да е и дволичност, ќе биде малку.

Јас Ве повикувам , ако сакате елементарно во ова Собрание да имаме меѓусебна расправа и доверба, да го спречите ваквиот начин. А, јас Ви давам збор дека доколку не го спречите и доколку некој мисли дека имињата на г-динот Трповски, на г-динот Китановски и на г-динот Тито Петквоски се имиња со некој кој може да се игра џамлии со нивните имиња на говорницава, со истурање на грст невистини и лаги, со целокупна посветеност на фактот да извлече некого на говорница, единствена задача да предизвика реплики и со тоа да не повикува нас безобразно на крајот на морал.

Јас Ви гарантирам дека јас како координатор , заштитувајќи ја пратеничката група на СДСМ илјада пати ако треба ќе одговорам .Меѓутоа, ја си мам морал и ќе го зборувам истото што секогаш сум го зборувал и сум гласал. Меѓутоа, некои пратеници што на јавно гласање гласаа против, на тајно гласање гласат за, сега да ни дофрлуваат овде. Некои пратеници што на една интерпелација за партијата на г-динот Џафери за истиот случај гласаа да се отфрли, сега на СДСМ да му се заканува со вакви зборови, па мислите дека ние немаме меморија.

Јас уште еднаш ве повикувам вас г-дине премиер, овој пат во друго својство кога сте веќе овде и вас г-дине Чедо Краљевски да ги избегнете ваквите дискусии, затоа што ако вие мислите дека како немирно дете некој може да биде воде третиран во парламентот до бескрај и ние да молчиме, пред два милиони луѓе да ни става во устата нас жртви заработи за кои повеќе придонел, тогаш јас ќе одговарам сто пати по деловникот по пет минути и ќе ги потсетувам сите на какво однесување

некој овде се дрзнал да се доведува себе си, а да става во уста на пратеничката група на СДСМ.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Повикани се Чедо Краљевски е повикан директно и пратеникот Лазар Китановски. Тој е повикан од Никола Поповски се сака да се има континуитет. Јас не знам  дали ќе треба да се опоменуваме, ако некој води ред, јас не му оспорувам на никого. Беше повикан по име и презиме да излезе и одговори.

ЛП/ВС

ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:

Бев спомнат најдиректно од г. Пандов. Ако се сеќавате, во еден период пред година и пол, зборував на неколку пати во Парламентот, дадов неколку интервјуа и потоа престанав. Мојата намера беше и тогаш и сега сите ние нешто да направиме за Македонија, и македонци и албанци. Овој пат не ги носам стенографските белешки од моите говори, но ако треба ќе ги донесам, се со цел да се спречи ова што се случи на начинот на кој се случи. Меѓутоа, некои луѓе тогаш реплицираа многу вулгарно и тогаш без аргументи, се обидов неколку пати повторно да објаснам и на крај завршив со тоа да внимаваме сите во каква дупка ќе пропаднеме, ако на време не спречиме некои работи. Токму некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, не сите, не можеа да ги сфатат моите пораки. Тогаш јас престанав. Сега ме влечете за збор.

И за случајот Хабиби, иако г. Пандов вие имате задоцнети рефлекси, после година и пол ви текнува, што ако се покаже после година дена дека тој истиот Хабиби по интервенција бил пуштен и однесен до граница од државни органи. Што ако се докажат многу други работи околу војната што се водеше во Македонија, што ако се докаже во едно идно време дека списоците со кои е делено оружјето на некои граѓани од Република Македонија од резервниот состав многу брзо стасувале до луѓето од ОНА. А тие списоци беа најстрого чувани од вашите министри, од вашиот министер и ред други работи. Млад сте, внимавајте на своите зборови, јас реков, престанав да зборувам извесно време, за да не ја отежнувам ситуацијата. Затоа, ве молам, има многу за што да се зборува. Меѓутоа, не се согласувам да се злоупотребува оваа говорница и во оваа тешка ситуација, комплицирана ситуација, таа да стане уште полоша. Ако сакате заострување со СДСМ, нема проблем, но дали е целта понатаму да

заоструваме или да одиме кон смирување на состојбата, а вистинските виновници евентуално и за овој случај ќе си одговараат политички или како што е предвидено со Закон. Ќе видите ние како ќе гласаме. Меѓутоа, ние гласаме константно, ние впрочем дадовме и јавна изјава како партија дека доколку се докаже вината, дека ќе гласаме за разрешување. Но што ако се докаже или ако се покажат многу работи дека тој г. учествувал во некакви криминални дејанија со луѓе од Вашата Влада кои добро го знаат, кои се дружеле со него? Не брзајте.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Има збор г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван потпретседателе,

Јас очекував дека ќе ми дадете збор веднаш по директното обраќање на колегата Никола Поповски кон мене, но впрочем ве разбирам и вас, вие сте еден од членовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, па и овој ваш гест впрочем укажува на односите што владеат во нашата пратеничка група. За среќа или можеби за нечија жал, односите во нашата пратеничка група би рекол дека со многу подемократски отколку што се односите во пратеничката група на СДСМ и мислам дека бескорисни се апелите на колегата Никола Поповски упатени кон мене и кон претседателот на партијата ние да ги дисциплинираме нашите пратеници и нашите колеги. Мислам дека на тој начин се укажува крајна непочит кон институцијата пратеник во овој дом и непочит кон оние избирачи и гласачи кои му дале право на колегата Пандов да ги застапува нивните политички интереси во овој дом.

Според тоа, јас нема да го повикувам колегата Никола Поповски да ги дисциплинира неговите пратеници, затоа што тоа е очигледно, а не сакам и тој да ме повикува мене затоа што односите во нашата пратеничка група се малку на поинаков начин поставени.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

За збор се јави г. Фатмир Етеми.

ФАТМИР ЕТЕМИ:

Господине потпретседателе, господине премиере, почитувани пратеници, почитувани членови на Влада, една кратка реплика на г. Александар Пандов. Неговата реторика веќе ми е позната во Собранието и надвор од Собранието и како пратеник во ова Собрание ги молам другите пратеници да не се повикуваат повеќе на националност во Собранието, ги повикувам македонските пратеници, ги повикувам албанските пратеници. Ние сме пратеници на Собранието на Република Македонија и на сите треба да ни биде јасна оваа работа. Таман работа да се повикуваме ние на групации и на националности, партиски пратеници - сите сме пратеници на Собранието на Република Македонија.

Јас мислам дека оваа дебата и оваа дискусија треба да се води по интерпелацијата на г. Иџет Мемети, интерпелација предложена од премиерот и треба да дебатираме околу тоа, да не навлегуваме во жешки теми, бидејќи знаеме во која состојба е моментално државата. Би замолил сите пратеници да се придржуваат кон точката од дневниот ред.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Има збор г. Александар Пандов.

АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:

Не можам никако поинаку освен национално да го гледам, затоа што тие во полициската станица биле македонци, затоа било пукано во нив. Не затоа Што се полицајци или за ова или она, туку само затоа што биле македонци и за што припаѓале на една друга етничка група, заради тоа некој господин таму, дали Семи Хабили тогаш пукал или некој друг, пукал на таа полициска станица. Поради тоа што биле македонци, двајца од нив загинале и сега нивните деца немаат родители. Јас не знам како поинаку да го гледам. Повторно ќе кажам, шест месеци, седум месеци зборував околу тоа, само заради тоа што некои се нарекуваат македонци и затоа што се православни беа напаѓани, беа бркани од нивните домови, беа палени нивните куќи, беа рушени цркви. Сигурни не заради нешто друго. Единствена причина што видов во изјавите на нивните претставници беше само заради тоа што беа Македонци, што беа православни. Дадениот господин, ние сега не зборуваме за ова или она, зборуваме за конкретниот случај, за не екстрадиција на г. Семи Хабиби од страна на министерот Иџет Мемети и за тој господин јас не знам што друго да кажам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Александар Флоровски има збор.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Сите имаме реплики на некој начин. Јас не сум прозван, тоа е точно, но на некој начин сум дел од партијата и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Не знам од каде револтот на г. Никола Поповски, според она што успеав да го регистрирам овде во изразот на неговото лице, од каде правото да повикува претседател на партија или

координатор на пратеничка група некого да дисциплинира. Апсолутно немате право на тоа, тој е индивидуа и ќе се однесува онака како што смета дека треба да се однесува, бидејќи добил 10 или 15 илјади гласови на македонски гласачи. Лично ми делува невкусно да повикувате некого како она што ни се случуваше како мали деца учителке, овој и овој е немирен и се однесува вака или онака. Мислам дека воопшто не доликува на еден пратеник кој на некој начин е фронт на СДСМ, тоа мора да се признае, еден од поценетите и подобрите.

Второ, исто така се ставате на некој начин во состојба да ги зашти сопствените пратеници, што е добро, но исто така ќе ве потсетам на настапот на г-ѓата Шеќеринска и она славно ќе се сетите ли што било пред времето на Христа и после времето на Христа. Сметам дека и тогаш требаше да реагирате, но воопшто не реагиравте, а цело време овде одредена група на пратеници градеа македонско национално единство. Главниот виновник што дискусијата зема еден друг тек, каде што се појавија антагонизми меѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ е г-ѓицата Шеќеринска. Јас не знам кои консеквенци и дали ќе ги има, воопшто не ме интересира, но должни бевте како македонска партија, како македонски пратеници да застанете и такви работи да не се случуваат. За жал, после тоа следува канонадата на напади на ВМРО-ДПМНЕ, што беше логично, затоа што како би можел да го крстам тој текст, не знам, не би можел да најдам некој израз, поган ли е, одвратен ли беше тој текст - јас се извинувам, не го мислам тоа за вас, но за текстот да. Створивте еден антагонизам меѓу самите македонци, ни брцнавте во другото око, во вашето сопствено око, затоа што и ние сме македонци, без разлика на политичката опција.

Господинот Китановски секогаш излегува со некои "топ сикрит" работи. Првите ги погоди, морам да признаам, во случајот со 6-та, 7-ма или 8-ма зона која ли беше, не е битно во моментов, за жал се уште сме

во војна. Нафрливте доста интересни работи дека списоците од македонските резервисти во полицијата и Армијата некој ги лиферувал на одредени припадници на ОНА. Исто јавно сакам да го прашам, доколку е точно ова што го тврдите, ако е така, дајте образложение за да знаеме во каква шема сме влезени. Дали некој со нас се игра, си игра поточно, едноставно да знаеме што е тоа што ќе се случува во иднина, во колку овие збивнувања на кои укажувате се сериозни, а верувам дека се сериозни.

Видете, уште една работа. Јас имам сознанија, можеби точни или неточни дека таквите списоци, реков точни или неточни, одредени кадри од СДСМ ги лиферуваа на одредени припадници на ОНА, што може да е точно или неточно, такви се моите сознанија. Вие ќе ги демантирате доколку не се точни. Никогаш не тврдам дека тоа е така, но јас лично имам такви сознанија за одредени региони во Македонија.

Второ, исто така многу сериозно обвинување: кој го однесе Семи Хабиби до граница, исто излезете и кажете, дали е тоа Љубе Бошковски, дали се тоа луѓе од ДБК, што се случувало, јас како Флоровски едноставно сакам да знам што се случува, а сите се добро информирани, барем според она кога најавивте дека Македонец спаѓа во 6-тата зона и дека можно е да се очекува она што се случи. Според тоа, вашите видувања ги сметам за апсолутно верификувани, да не кажам точни. Значи, второто прашање е, кој е тој, под чија сугестија или наредба г. Семи Хабиби, ако е точно, го однеле до граница за да може да фати "џаде" во Германија или било каде.

Трета работа, исто така едно сериозно обвинување кое не смее да лебди овде, мора да дадете одговор, ако не е точно да демантирате, затоа што ова што го говориме оди во етер: кои се тие бизнисмени од редовите на ВМРО-ДПМНЕ со кои Семи Хабиби работел, исто мора да одговорите. Не смеете да се однесувате индиферентно - дојди, нафрли

и оди си. (потпретседателот Томислав Стојановски го предупредува пратеникот Флоровски со зборовите "помина времето за реплика"). Се извинувам, ќе бидам краток. Мислам дека ова е поучно и за вас. Да не влеземе во некоја игра некој да не собере, да не фрли во онаа чинија за мелење отпад и да излеземе како "посебна кобасица" или "чајна".

Значи, барам одговор, не се ова пратенички прашања, едноставно како Александар Флоровски, како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, на крајот како македонец, како македонски патриот и како македонски националист, според она што се случува на теренот морам да бидам таков, сакам да ми одговорите со кого Семи Хабиби правел "дилови" под редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Не сакам утре да се случи во ЗУМ весникот утре да прочитам Лазе Китановски рекол тоа, тоа и тоа, овде да се молчи. Дајте јавно да проговориме. Јас сум за една транспарентна игра, кога се работи за судбината на Македонија, а ова е дел од тоа.

Претходно некој од албанските пратеници велеше ја слушнавме едната страна. Ако едната страна ја слушавме премиерот на Владата на РМ, другата страна ја видовме на дело. Не побара екстрадиција, што има да слушаме. Видовме дека она што е негова Уставна обврска и за што овде се колнеше и дека ќе ги спроведува Уставото и Законот {потпретседателот Томислав Стојановски повторно го предупредува со зборовите "времето истече"). Се извинувам потпретседателе, само уште една минута. Се колнеше дека ќе го спроведува она што е Устав и Закони на РМ, ништо не спровел. Нема да ве обвинам како ќе гласате затоа што не знам. Претпоставувам дека имате еден кодекс на однесување и тоа ќе го почитувате. Секој оној кој се огрешил според законите и Уставот на РМ треба да сноси санкции, без разлика дали е од редовите на ПДП, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ итн. Толку би рекол на кратко и благодарам што ме сослушавте.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

За реплика се јавува г. Тито Петковски, повелете.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани колеги, господине потпретседателе, како што гледате јас немам обичај често да реплицирам, но заради соочувување на достоинството на овој дом, на Собранието почувствував потреба дека сепак треба на прозивката на г. Пандов да станам и да одговорам. Мислам дека барање, вршењето притисок, влијанието на СДСМ на пратеничката група како ќе гласа по овој предлог беше многу вулгарно, беше многу приземно. Ние како пратеничка група имаме свој став и вие и јавноста тоа ќе го видите.

Меѓутоа, за волја на вистината и јавноста да слушне, не стојат работите така г. Пандовски. Ние гласавме пред малку, меѓутоа, гласавме за правото на министерот да одговори во својство на одбрана пред овој Парламент. Не гласавме ние дека ќе треба да се отфрли предлогот на премиерот за разрешување на министерот. За тоа ќе гласаме подоцна, тоа ќе се види.

Според тоа, ве молам, вие сте млад човек, ќе се профилирате ако сакате да се бавите со политика, треба сепак да имате малку одмерен, умерен и културен однос, достоинствен однос пред Парламентот пред се, а и спрема своите колеги, ако сакате да се почитуваме меѓу себе. Треба да си го имаме почитувањето крајно коректно, максимално, меѓу себе да се однесуваме за да го сочуваме достоинството на Парламентот во целина.

Според тоа, ќе видите како ќе гласаме и тоа е право на секој пратеник. Немојте повеќе на тој начин да влијаете на пратениците

поединечно, и на пратеничката група како ќе гласа. Тоа е многу евтино и провидно.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ако завршија репликите, да продолжиме понатаму.

Има збор г. Фатмир Етеми.

ФАТМИР ЕТЕМИ:

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Влада,

Министерот за правда е член на Владата предложен од страна на ПДП која како партија во еден важен момент и се приклучи на големата коалиција за надминување на кризата.

Тргнувајќи од ова, мислам дека една таква одлука за разрешување на министерот за правда е спротивно на заложбите на големата коалиција.

Како прво, не знам од кои причини претседателот на Собранието не му овозможи на министерот за правда да се произнесе по повод Предлогот за негово разрешување.

Второ, како што ни е познато во врска со предметот околу екстрадицијата, според информациите со кои ние располагаме, мислиме дека до Министерството за правда не била доставена целосната документација, за што министерот навремено не успеал да се произнесе околу овој случај.

Токму поради овие причини, ние како пратеничка група на ДПА сме против разрешувањето на министерот за правда.

Благодарам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине Етеми.

Има збор господинот Мерсел Биљали.

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

По излагањето на премиерот очекував дека нормално ќе се слушне и другата страна, односно министерот против кого се бара разрешување. Кога наеднаш му беше кажано дека тој нема право да се обрати до Собранието, верувајте дека воопшто немав чувство дека се наоѓам во Република Македонија, туку наеднаш се стекнав со чувство дека се наоѓам во Северна Кореја, Куба или слично.

Имено, замислете како можеме некого да убедиме дека градиме демократија, дека градиме демократско општество кога едноставно не ги почитуваме основните правила на игра, на демократската игра, правила на игра кои беа почитувани дури од старите Грци.

Искрено да кажам ова што денеска се случи во име на Деловникот, на правната и деловничка процедура, мора да признам дека го немам слушнато ни прочитано дури ни филм гледан, дури го немам видено ни во наславните афери на комунистичките партии од бившите диктаторски држави.

Тука веќе не се поставува прашањето дали нешто е во рамките на Деловникот или не, од причина што Деловникот никаде не забранува министер против кого се предлага разрешување да нема право да каже ништо во полза на својата одбрана. Фактите, причините, реалноста. Дури тоа што денеска се случи е спротивно дијаметрално со темелните вредности на Уставот на Република Македонија, со определбите на Законот за Владата, определбите на Законот за органите на управата.

Значи тука се работи за ускратување на елементарното право, човечко, морално и било какво да се брани од нешто што е кажано јавно, а тоа се аргументи или некој мисли дека се аргументи.

Значи, се работи за моралот, етиката и човечкото достоинство, а не за правните правила. Му се суди некому без право на одбрана.

Ако сите се согласуваме, а верувам дека се согласуваме дека прашањето иако е политичко, се поставува како правно прашање, мислам дека тогаш по секоја здрава логика граѓаните имаат право да бидат информирани за се што е причина и последица на ова за што расправаме денеска.

Претпоставка е дека тука се во употреба две вистини. Првата вистина е вистината на премиерот, втората вистина е вистината која не беше тука дозволена да се слушне, вистината на министерот кој се предлага да се разреши. Тука практично вршиме опструкција на едно многу нормално и човечко право да се искажат јавно аргументите и причините за нешто.

Зошто се забранува некому да се искаже јавно, мислам дека одговорот е или калкулација на тој што не дозволува демократски да се расправа или е во прашање некоја монтажа чии последици ќе ги дознаеме или профитерство или сите три компоненти заедно.

Од самиот факт што некој бега од нешто или избегнува нешто да се конфронтира со аргументи априори му дава право на другата страна да помисли дека тоа што го кажува не е вистина. Сомнително е априори искажаното ако не му дозволувате на другиот да се искаже за изнесените аргументи. Мислам дека нема радост тој што не може и нема сили да се соочи со фактите, аргументите, па мора тоа да го поткрепува со механизми измислени, процедурални од господинот Андов кој завршува со забрана.

Со овој чин мислам дека целото Собрание е ставено во заблуда, неговата улога по кој знае кој пат се сведува на ниво на ситно политички и политикантски профитерски игри се со цел некој политички да профитира

колективно или индивидуално или да се спаси од епитетот заслужливо кој државата ја доведе до колапс и војна.

Со вакви постапки во заблуда се доведува целата јавност која наместо да се храни со леб треба да се храни со афери најчесто лажни, наместо да се нуди прогрес се нуди војна, наместо да се нуди просперитет, ќе се нуди убиство се за една структура да опстане на власт.

Сето ова се прави повикувајќи на некоја правна држава, апсурдно е некој да се повикува на правна држава додека ги гази, прегазува основните правни процедури кои не значат ништо освен основни правила на правната држава.

Од изнесеното и од нашиот координатор претходно се докажува дека некој оваа седница, оваа точка ни ја наметна со лични и партиски цели за да се сокрие тоа што колективно и јавно веќе не може да се сокрие.

Кога сме кај правната држава, се поставува прашањето каде беше таа правна држава на која сега и на оваа седница се повикуваме кога се приватизираше бесплатно економијата на државата, кога имавме и имаме лично збогатување, кога имавме дисконти дури 99% од Агенцијата за приватизација, кога цутеше криминалот во бројни министерства, особено Царината, како заврши процесот со ОКТА и прашањето на Алмако банка и ред други манипулации. Нели е ова правна држава?

Ако кон ова се додаде и политичкиот амбиент, мислам постојниот политички амбиент, тука се поставува мошне логично прашање, тоа е прашањето каде е чувството на одговорност за опстанокот на државата, опстанокот на граѓаните, нивниот живот, имот итн.

Мислам дека сосема јасно и неразбирливо неодговорните да бараат одговорност. Целта е многу провидна, според мое длабоко убедување, целта на оваа точка е или да се зададе голем удар на Рамковниот договор чии елементи треба на ова Собрание да поминат или да се елиминира министер кој евентуално би бил пречка на крпусот на законите за избори за да се

овозможи и понатаму да се игра со изборното право. Од сето ова изгледа некому не одговара мирот, штом се стабилизира состојбата во државата, нечија глава се дестабилизира, тие можат или таа структура може да опстане единствено само при ненормални околности, само при турбуленции и тие се немоќни во нормални ситуации.

Сега, како да се определи Собранието, како да се определат пратениците кои имаат право на глас, а не ја знаат вистината или ја знаат само едната. вистина, без да ја слушнат другата вистина. Тоа може, според секое логично предвидување, само со лош исход, со неправедна одлука, со штетна одлука кои неминовно произведуваат штетни последици.

За да се избегне ова и за да можеме да имаме реални информации, објективни информации за сето ова што се предлага, мислам дека може и треба, имаме обврска да го направиме и политичка и правна и морална и било каква. Мора една група на постручни луѓе да се позабави со овие прашања во кореспонденцијата Влада- министер- Министерството за внатрешни работи, Основен суд итн. Мислам дека таква група веројатно би придонела да го информира ова Собрание со релевантни чинители односно реалната состојба за да може меродавно да се определи за или против.

Благодарам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Господинот Филип Петровски.

Господинот Томислав Петровски бара процедурално.

ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:

Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Искрено да ви кажам сето ова мене ми личи на предизборен маркетинг. На 13 мај направивме коалиција, коалиција од четири релевантни најголеми партии и од албанскиот блок и од македонскиот блок. Тоа беше коалиција

буквално за спас на Македонија. Сега во овој момент премиерот побара разрешување на член на Влада. Внимавајте добро премиерот побара разрешување на член на Влада, без разлика за што и како, негово право е да побара разрешување на член на Влада, а ние овде 80% од пратениците сме во коалиција. Не ми е јасно сега што дискутираме. Коалиција сме. Би прашал пред целата македонска јавност каде е повторно македонското национално единство, гледате сите - го нема.

Искрено да ви кажам јас како го сфаќам ова. Се е ова буквално борба за гласови. Никој да не се навреди, ова е додворување на албанскиот електорат од мојата десна страна со цел повторно да се дојде на власт, без воопшто да се размислува за македонското утре и за последиците. Ви благодарам на сите.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Филип Петровски.

(Господинот Никола Поповски реагира на зборовите "од мојата десна страна" што ги искажа пратеникот Томислав Петровски и бара реплика).

Филип, момент, да соопштам. Реплика на кого и што?

(Никола Поповски одговара спомна десна страна, па дојде до меѓусебна пресметка помеѓу пратениците Поповски и Петровски од место, на што потпретседателот реагираше).

(Филип Петровски е веќе на говорница и прашува дали да зборува, потпретседателот му одговара може само доколку го слушаат, тој одговара очигледно не ме слушаат, вршат опструкција, прашува кој ја води седницата).

Господине Филипе имате збор.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Благодарам,

Се извинувам што вака започнувам, чувствувам дека е обид за опструкција, бидејќи цело време се дофрлува од место и би сакал да се заврши прво разговорот од место, па да почнам да кажувам што имам да кажам, затоа што од тој што цело време дофрлува господинот Никола Поповски бев претходно прозван и во ова обраќање имам намера да му кажам неколку работи, па би сакал да биде сконцентриран да ги слушне овие работи, можеби ќе се најде пак за повреден и да реплицира.

Денеска имаме предлог за разрешување на член на Владата и тој предлог ни го образложи премиерот. Овој случај за Семи Хабиби беше многу експлоатиран во македонската јавност и мислам дека јасно е образложено тука, сите вие знаете за што станува збор, колку е тежок овој случај, колку е значаен за македонската популација овој случај, кога зборувам за македонската популација мислам за сите што живеат во Македонија и мислам дека со тоа што некој овде сака да направи циркус ни најмалку нема да можат да се извлечат од одговорност за тоа како ќе гласаат.

Мислам дека овој случај е многу јасен, не би сакал многу да должам, ќе кажам накратко како јас го гледам и морам да ви кажам дека имав подготвено неколку тези кои произлегоа како дестилат, како производ на она што го дискутиравме по повод првата фаза, односно отворањето на процедура за промена на Уставот и по повод реакциите што ги слушавме лево-десно, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, напади, одбрани, нервоза, се она што се нарекува единство, не единство на сите нас. Мислев дека денеска кога имаме еден предлог за разрешување на член на Влада кој поддржува терористи дека е умесно, дека е на место токму десната страна, страна на која седи господинот Никола Поповски да ја повикам да гласа заедно со нас, да гласаме сите единствено на некој начин да не се прозиваме во некаква ретроспектива на вина, туку да се прозиваме и повикуваме на единство помеѓу македонците. Мислев дека би било умесно таков говор да направам.

Јас зборував со неколку пратеници од СДСМ, доста од вас ме прозиваа во врска со првата фаза, се воздржав од реплики затоа што знам дека ќе имаме многу можности тука на говорница да си кажуваме и да се разбереме, а после целата македонска јавност е најдобар судија за се.

Мислам дека сите ние знаеме дека не очекува втора фаза на уставни промени односно отворање на процедура за амандманска расправа. Токму денешната расправа пред втората фаза која деновиве не чека мислам дека е време да демонстираме единство. Повеќе пати сакам да го повторам овој збор "единство", затоа што е ова момент во кој разрешуваме министер кој има јасна позиција во случајот Семи Хабиби и ова е момент во кој со тоа единство треба да го демонстрираат македонците за да испратат јасна порака дека не прифаќаат уцени оти сите ние сме сведоци дека и политичките партии, меѓутоа и членовите на Парламентот беа јасно прозвани, уценети дека не може да се прифати менување на овој министер оти некои партии ќе ја напуштеле Владата. Затоа мислам дека денеска треба да се покаже малку поголема зрелост, се надевам дури дека ќе имаат можност и желба пратениците македонци од албанско етничко потекло да се изјаснат за разрешување на овој министер. Добро се сеќавам на дискусијата на еден од дискутантите за време на првата фаза за отпочнување на уставни промени кога тој рече еве сега ние ќе добиеме многу работи со овој договор, еве, доаѓаме во време, во ситуација во која и ние нема да можеме многу работи да бараме, туку ќе мораме со нешто да се согласиме.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ: (Продолжение)

Можеби денеска тоа нема да биде толку значајно, денеска ќе бидеме се уште на чекор од тоа единство. Меѓутоа, мислев дека ќе дојдеме на еден чекор поблиску пред утрешниот ден, кога не очекува втората фаза, а јас таа фаза за промена на Уставот ја нарекувам верификација на геноцид врз македонскиот народ и македонската историја. Тоа сакав да го кажам денеска. Меѓутоа, некои работи тргнаа во друга насока и затоа што тргнаа во друга насока ќе си дадам за право нешто да објаснам, бидејќи некои работи очигледно тука се замаглуваат и се надевам дека тоа што ќе си дозволам малку поконкретно и можеби некој што ќе споменам, да објаснувам, дека нема да го сфатат како неединство, како намерна провокација, или како потреба на некаков координатор да брани пратеничка група, затоа што едноставно била нападната и незнаела како да реагира самата.

Случајот Иџет Мемети не е случај преку кој се прикриваат грешките, случајот Иџет Мемети е случај преку кој пред нас стои можност да се поправат грешките. Јас ова го кажувам на сите пратеници кои што сега слушаат дека се правеле грешки, дека некаде постоела политичка наивност, дека некој сакал да настапи вака, или онака, дека некој сакал да подаде рака во овој политички живот, во ова македонско милје познато на сите нас во кое што навистина се направени грешки. Некои пратеници од СДСМ не прозиваа, не нарекоа луѓе со задоцнети рефлекси, дека сега ли ви текнало, не знам што. Јас ќе кажам, еве ајде да се сложиме со добар дел од тие работи, јас ќе се сложам со добар дел од тие работи. па можам веднаш потоа да одам во втора фаза, па да ве испрозивам вас за едно илјада работи што биле до 199 8 година и да се затвориме во еден волшебен круг од кој што нема да можеме лесно да излеземе. Јас ќе кажам, дека нема никој од нас што не е со грешки. Меѓутоа, што станува од денеска? Тоа што никој не е

безгрешен ниту од СДСМ ниту од ВМРО, тоа значи ли дека некој има право да каже дека сме ние со задоцнет рефлекс за да јас извлекувам логички заклучок утре да каже: сега вие се поправате, а ние имаме право да грешиме. Мислам дека оваа ситуација е многу сериозна. Не за господинот Ицет Мемети, бидејќи нашата влада функционира по повод еден експеримент кој што го прави меѓународната јавност, а тоа е Влада која што треба да ја поддржи цел Парламент и Влада која што нема опозиција, иако добар дел од пратениците од чисто маркетиншки причини се однесуваат како опозиционери. Значи,не поради господинот министер за правда, бидејќи во таков шах мат сме ставени, или пат позиција, не можеме да повлечеме потег,повторно некои работи ќе бидат врзани по принцип акција и реакција, сврзани садови. Така што ова е еден значаен момент да видиме дали можеме ние да бидеме единствени. И затоа мислам да бидам малку повоздржан денеска, иако има многу работи за кои што сакам да зборувам. И за да не одземам многу од вашето време, пак ќе повторам, бидејќи тука излегоа многу говорници, рекоа дека македонската јавност треба да знае. Јас велам македонската јавност треба да знае, меѓутоа велам уште едно нешто, македонската јавност знае и има став по повод овој случај. Македонската јавност не треба да се убедува многу, македонската
јавност нема потреба од перење на мозок. Имате терорист кој што е фатен за кривично дело во Германија. Не е тој уапсен затоа што бил многу убав, човек кој што извршил напад врз полициска станица, удрил врз уставниот поредок на Република Македонија. Како можеме ние да се произнесеме во врска со тој министер кој што не сака да побара негова екстрадикција. Јас со внимание го слушав господинот Зибери. Нормално е да го браните членот на вашата партија, нормално е ан блок да ја отфрлите оваа иницијатива, меѓутоа господинот Зибери во ниеден момент во својот говор не кажа дали тој сака екстрадикција на господинот Хабиби.

Ние можеме во реторички залети и во реторички занес да кажеме било што, тоа може добро да и призвучи на овој, или на оној дел од македонската јавност, зависно од тоа на кого се обраќате. Меѓутоа, требаше пред нас да кажете, во ред, еве министерот е од нашата партија, нас не ни се допаѓа премиерот, меѓутоа ќе го напаѓаме премиерот, ама ќе побараме да се заврши овој случај, да има екстрадиција. Јас внимателно ве слушав. Некој пат немам доволно такт да ве слушам, меѓутоа сега внимателно ве слушав за да слушнам дали ќе кажете: точно е, овој случај треба да се заврши, едната страна вика вака, другата вика вака, меѓутоа дајте да го видиме криминалецот, односно терористот пред лицето на правдата. Тоа не го слушнав. И 6и сакал, бидејќи најави реплика господинот Зибери кога ќе настапи да ме навредува после ова, барем да има доблест да го каже тоа, дали тој е за екстрадиција на господинот терорист Иџет Мемети, односно Семи Хабиби. Се извинувам, јас реков дека оној и мислам и ден денеска дека тој што брани терористи, може да се нарече терорист. Ако не е терорист, тогаш е јатак. Тоа е мој став. Имам ли право да го кажам? Тоа во некој ваш парламент ќе може да кажете кој како да зборува. Во овој Парламент Македонците ќе зборуваат отворено, слободно и не ви се плашат. Кога веќе сакате да провоцирате, да ви кажам јас што мислам. Значи, заклучувам, случајот е јасен, господинот министер треба да се разреши.

И пред да завршам ќе си дозволам мала дигресија, бидејќи бев прозван и ќе зборувам за гласањето кое што толку многу го мачи господинот Поповски кој сакал да послуша што имам да му кажам.

Господине Поповски, значи не како координатор на СДСМ, туку како пратеник во овој Парламент да ви кажам зошто гласав "за" и зошто гласав "против" првата фаза, бидејќи тоа многу ве интересира и бидејќи тоа за вас е позначајно од верификацијата и отпочнувањето на процесот за геноцид врз Македонците, јас ќе ви кажам што се случувало

во мене. Иако да речеме Шеќеринска смета дека човек не треба да има емоции кога е тука, јас обратно и не се откажувам од тоа, сметам дека треба да имаме емоции. Јас цело време имам емоции и цело време се кршам и ви се чудам како можете анблок како партија да гласате сите "за". А ова како доказ денешново гласање, ви се чудам. Сакате да ви кажеме, сакате да зборуваме отворено под каков притисок сме ние. Еве, јас ќе ви кажам, мене не ми е тешко да кажам отворено, јас нема што да кријам ниту од вас, ниту од никој друг. Вие сте тие кои што сте виновни ако ВМРО_ДПМНЕ гласа "против". Сакате да знаете зошто? Затоа што сте ставени во блок со другите партии и без поговорно гласате само затоа нас да не изолирате и да не покажете како единствени виновници. Тоа е проблемот кој мене ме крши, затоа што јас растам во таа партија, јас сум таму како доста помлад, од студент и мене ми значи таа партија. И кога се става таа партија на ветрометина каква што некој сака да ја стави, а вие учествувате во таквото ставање, наместо да кажете како македонски блок, да седнеме ние да гласаме анблок, како што можат многу лесно другите да се договорат, тогаш јас сум во дилема. И кога некој ќе дојде да ми каже, НАТО нас ќе не изолира, или светската јавност нас ќе не прогласи за виновници, а знаеме од каде тргна и г. Китановски знае и сите вие знаете кои се виновници, кој копал ровови, колку години се спремало тоа, да не ви кажувам за г. Газменд Кадриу 1997 година, списоци на паравојска, списоци на чизми, број на костуми, крвна група, на незнам што. Во една таква ситуација кога вие сакате нас да не ставите за единствени виновници, јас немав намера ова да го кажам, бидејќи на вас и на јавноста и е многу интересно како Филип Петровски гласал, еве јас ви кажувам, јас гласав "за", за партијата која што вие сакате да ја изолирате, а таа партија ако ја нема, ќе ја нема и Македонија. Меѓутоа, и "против" исто така, повторно во интерес на државата и на партијата, бидејќи мислам па и не може да се легализира и да се верифицира ваков геноцид. Ние сме сите

ставени во ситуација, немојте да мислите јас дека се кршам, немојте да мислите овие што ги плукаа два дена за викенд, дека тие сакале да гласаат "за". Тие гласаат, затоа што сакаат и државата и партијата да ја спасат, бидејќи ние немаме договор за идна влада ниту со Али Ахмети, ниту со Меѓународната јавност. Некој друг изгледа има. Ние имаме една единствена света цел, да ја заштитиме државата. И мене ми е многу тешко кога го зборувам ова. И ви кажувам, му благодарам на тој што побара јавно гласање, бидејќи мене ме ослободи од тоа што го имав како терет. А ве повикувам вас на сите наредни јавни гласања и поединечни да се слушнете како ќе гласате. Очигледно е дека ќе има уште доста гласања и денеска, меѓутоа и на другите фази и во тие гласања ќе можеме да се видиме. Внимавајте, некој има двоумење. Меѓутоа, тоа двоумење може да биде принцип на грешка во едно, или две гласања, меѓутоа во десет гласања, во дваесет гласања, во триесет гласања колку што има амандмани, ќе видиме дали е тоа принцип на грешка, или е некој принцип на подаништво, на некое ветување по секоја цена. Значи мислам дека ќе имаме доволно можност сите да се видиме. И ве повикувам г. Поповски да не ме провоцирате за да слушате вакви несоодветни одговори, бидејќи ова е несоодветен одговор на денешново прашање. Но, од друга страна ви благодарам што дозволувате да се произнесам пред македонската јавност, бидејќи мене ова ми тежи. А не знам како на вас не ви тежи, сите без да трепнете што гласавте, така како што гласавте. Тоа е или многу добра глума од ваша страна, бидејќи велите да се немало емоции од оваа говорница, или е навистина една убеденост дека се што сте замислиле за во иднина, дека ја имате како цел, дека и таа цел ги оправдува сите средства, нели макијавелизам. Се надева дека бев јасен, ако не сум јасен повикајте ме на уште една реплика и пак ќе зборувам за тоа како сум гласал и колку ми било тешко и колку ми се тресеше раката како да гласам. Пак ќе зборувам. Сто пати ќе кажам, како што вие имате намера

сто пати да ја браните вашата пратеничка група, јас ако треба сто пати ќе објаснувам зошто и како сум гласал и колку мене ми било тешко и колку можеби сум го колнел моментот што сум се нашол пред ваква историска одговорност во која што очигледно на вас око не ви трепнува.

Имав уште да зборувам, меѓутоа мислам дека е несоодветно сега. Се надевам дека ќе ми дадете можност во реплика да ви кажам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Поповски останувате ли на барањето за реплика?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да. За вакви исповеди во врска со нечија потреба да се исповеда постојат цркви и психолози. Инаку, што се однесува до нас до пратеничката група на СДСМ, нас ни е совршено јасно дека г. Филип Петровски уште од почетокот на својот мандат овде гласа не по свое убедување, туку најчесто од љубов кон својата партија. Исто така, уште од почетокот на мандатот ни е совршено јасно дека при секое гласање тој има илјадници дилеми, барем тоа се гледа од авион. Меѓутоа, во врска со неговото прозивање на пратеничката група на СДСМ 6и сакал да го соопштам следново. Кога еден криминалец кој во моментов е еден од политичките и воени лидери на така наречената ОНА, а по име Фазли Велиу беше од една странска држава испорачан на нашава држава, за да биде превземен, тогашниот министер за правда Џевдет Насуфи тоа одби да го стори. Господинот премиер не предложи негово разрешување во овој Парламент заради љубов кон коалициониот партнер. СДСМ поднесе интерпелација до тој министер со цел да биде сменет заради тоа што не превзел испорачување на човек кој е кривично гонет. На таа интерпелација СДСМ немаше дилеми, како што нема дилеми ни вечерва, или утре во врска со тоа дали некој треба да има одговорност, ако одбил да изврши екстрадиција. Меѓутоа, имам впечаток дека господинот Филип

Петровски и тогаш и сега има дилеми. Тогаш имаше дилема и не дигна рака за интерпелацијата за господинот Џевдет Насуфи. Господинот Филип Петровски немаше дилеми ни кога го отворивме прашањето за Џавид Хасани кој беше присутен во Република Македонија во судските органи и кој мораше да биде трампан од страна на Владата која тој ја поддржуваше. Ние немавме ни тогаш дилеми. Ние вечерва немаме дилеми ни со случајот за екстрадиција на Хабиби. Господинот Филип Петровски сега не уверува дека прв пат во неговиот живот нема дилеми. Меѓутоа, господинот Филип Петровски и пред пет дена ни потроши пет часа за да не уверува дека нема дилеми, за да на крај сфатиме дека притиснал "за", па после 5 минути да каже дека имал дилеми кога притиснал "за" и да гласа "против". Нас ни е јасно дека во овој Парламент има луѓе кои постојано имаат дилеми, затоа што се целосно дезориентирани во политиката. Има луѓе кои немаат дилеми и кои знаат што сакаат да направат и тие најчесто гласаат така како што треба.

А што се однесува до Рамковниот договор со кој господинот Филип Петровски има намера 5-6 дена, по 5-6 пати на ден преку печатот, преку средствата за информирање и преку оваа говорница да се заканува на сите останати во Парламентот дека тој наводно ќе ги видел како ќе гласаат 30 пати, претпоставувам, на неговите амандмани. Сакам да му порачам дека пратеничката група на СДСМ нема да гласа ни малку поинаку од предлозите што ќе ни ги дава господинот Трајковски, ни малку поинаку од предлозите зад кои ќе застане неговиот координатор и ни малку поинаку од предлозите кои ќе ги верификува во тој процес со кој тој се заканува на сите, претседателот на Владата на Република Македонија, а во овој случај и претседател на неговата партија Љубчо Георгиевски. Воопшто да нема дилеми, ние и тогаш ќе знаеме како да гласаме. А ако мисли дека со заканување нешто ќе промени, многу се излажал. Само неговите дилеми ќе се зголемуваат од ден на ден.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Ако може да реплицирам. Малку трпение, знам дека на некои им е доста и дека сакаат побрзо да си одат. Јас мислам дека треба да останеме тука додека ги разјасниме сите работи.

Јас не знам, изгледа дека пак погрешно ме сфатил господинот Никола Поповски. Јас не му се заканив. Јас не знам дали е толку плашлив господинот Поповски па имаше потреба да испорача едно вакво излагање како реплика. Јас не му се заканив. Јас му кажав и сега да објаснам, бидејќи очигледно не ме сфатил. Јас имав така направен говор, така направено обраќање да ве повикам на единство, бидејќи мислам дека треба да ви се даде шанса. Бидејќи ја спомнувате црквата, да ви кажам зошто треба да ви се даде шанса, бидејќи ќе ги изгубите душите. Тоа го мислам јас. Господине Ѓорѓи Спасов еве ви можност да реплицирате, бидејќи вие денеска се искажавте убаво во вашата реплика како и зошто мислите и како мислите за ова што е денеска на дневен ред. Еве да ви кажам зошто. И тие дилеми јас ги имам и со тоа што вие се обидувате да изгледате како виртуоз, еквилибрист во политиката, со тоа што ќе ми објаснувате на мене дека сте 10 години во Парламент и вие се знаете, само и објаснувате на македонската јавност колку сте останале вие без емоции и душа за она што нас не мачи. Мене ме мачи прашањето на Македонскиот народ. А вие господини Поповски, бидејќи сакате да бидете безобразен, сега најбезобразно ќе ви одговорам. Јас на исповед можам да одам во црква, а вие можете да одите кај психијатар, бидејќи спомнавте две категории на луѓе. Меѓутоа. и таа црква колку ќе ни остане после она што сте намериле да го правите. Ќе ве молам и ќе ве прозивам пак кога ќе дојде оној амандман за Македонската православна црква, вас по име и презиме ќе ве прозивам да кажете што мислите со Македонската православна црква. дали таа има историска улога во формирање на оваа држава, или заслужува да биде израмнета како сите други заедници. Ќе ве

прашам пак господине Поповски. И вие мислите дека јас сега сум навлечен на тоа што, нели вие сте го кажале како многу смирен, како алоквентен и елегантен политичар. Меѓутоа, ова не се елегантни прашања, ова се прашања на живот и смрт. И затоа јас имам дилеми. И немате вие никакво право да ме прозивате за дилеми, туку да отидете дома и да размислите малку за тие дилеми, или пак ако мислите на нив, да не глумите тука пред нас дека немате никакви дилеми. А ќе ви кажам уште една работа. Политиката не е секој пат да се гласа по секоја цена како што ќе ви каже господинот Црвенковски. И запаметете ја оваа работа, бидејќи ви кажувам дека не се сметам за безгрешен, ама сум десет пати побезгрешен од вас лично, бидејќи вие учествувавте во промената на две уставни категории: име и знаме. На вас не ви е проблем да ги смените сите останати уставни категории. И не ми е тешко единствено кога ве гледам вас, тешко ми е кога ја гледам целата пратеничка група како ви веднее глава пред сите вас. И сега сите нека реплицираат ако сакаат, меѓутоа точно е дека мажи десет пати поголеми од вас ви се плашат и не смеат да ви кажат: не. А запамтете ги зборовите на Перикле од Беседата на починатите, ако сакате да зборуваме за вина. Ја имам јас таа вина. Запамтете ги овие зборови: оние што загинаа за татковината ...

Ве молам господине потпретседателе.-да обезбедите услови за реплицирање. Би сакал ако може да им обрнете внимание на пратениците од албанските политички партии, дека сакам да кажам нешто.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ваше право е дали ќе слушате, или не.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Или ова е некаква поддршка на господинот Никола Поповски

да ме опструира да не можам да му кажам што мислам. Обезбедете ми

услови да зборувам, затоа што имам што да му кажам. Или да излезам на говорница? (Господинот Филип Петровски излегува на говорница).

Иако јас не знам дали е ова парламентарна пракса, бидејќи еве, вие десет години сте во Парламент и излезете после објаснете ми дали од место, па од ваму, па од таму. Еве, едно нешто ќе ви кажам. Запаметете ги зборовите на Перикле во Беседата на мртвите, а тоа е за она кој има вина, кој нема. Јас реков, прифаќам вина. "Оние што загинаа за татковината, си обезбедија почит кон следните генерации". И сето она друго што го направија како грешка претходно обезбедија да биде избришано пред наредните генерации, бидејќи тоа што го направија за татковината е многу повредно од она што претходно го правеле.

Вие г. Поповски се поставувате како тутор, не дозволувајќи некој ни да посака да ја исправи својата вина. И мислам дека не би требало, не знам зошто јас не ве сметам за непријател да мислите дека ви се заканувам, само ви кажувам, на секое гласање ќе барам поединечно јавно гласање. Нели е тоа мое деловничко право. Еве, вие ги познавате работите во Парламентот многу подобро од мене, вие сте голем и искусен политичар. Јас не ви се заканувам, ама ќе ви кажам зошто вие го сметате ова за закана, бидејќи не знаете вие како ќе гласате, бидејќи вие ќе имате проблем како да го оправдате тоа ваше гласање. Не сите, чест на исклучоци, некои најавија дека ќе гласаат против. И можете што сакате да ми кажете на мене. Ќе имате проблем на македонскиот народ да му објасните, не на мене.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 14,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,10 часот).